РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Кеј Димитар Влахов б.б., 1 000 Скопје, тел. 02/3298-288, факс 02/3219-881

Врз основа на чл.28 од Законот за јавното обвинителство, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија на 05.09.2023 година, донесе

# ПРАВИЛНИК

## за примање и располагање со подароците и евиденција за примени подароци на јавните обвинители при протоколарни настани

Член 1

Со овој Правилник се уредува основот за добивање и за давање подароци од јавните обвинители, начинот на располагање и евиденција на подароците.

Член 2

Јавниот обвинител, членовите на неговото семејство или лица кои живеат во исто домаќинство со него, не смеат да примаат, бараат или даваат подароци, заеми или услуги кон странки или лица кои имаат или би можело да имаат интерес во определен предмет, како и подароци или услуги кои на каков било начин би можело да се доведат во врска со вршењето на обвинителската функција.

По исклучок, јавните обвинители можат да примаат или даваат само протоколарни подароци кои не ја доведуваат во прашање нивната непристрасност во вршењето на функцијата.

Член 3

Доколку на јавен обвинител или на член на неговото семејство му биде понуден подарок или услуга спротивно на чл.2 ст.1 од овој Правилник, тој за тоа треба веднаш писмено да го извести претпоставениот јавен обвинител и/или Јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

Член 4

Протоколарни подароци се сметаат подароците примени или дадени од јавни обвинители при посета на јавно обвинителство на странска држава, претставник на меѓународна институција, министер за правда или друг претставник на државен орган на странска држава, при организирање или присуство на меѓународна конференција, потпишување билатерален или мултилатерален меморандум за соработка со јавно обвинителство на странска држава, свечена академија и слични други настани од значење за работата на јавното обвинителство.

Член 5

Вредноста на протоколарнитеподароципримениод јавните обвинители за време на посети, приеми, гостувања или други настани не смее да надминува 3.000денаривоеднагодина.

Член 6

Протоколарните подароци кои ги даваат јавните обвинители треба да бидат произведени во Република Северна Македонија и да го одразуваат историското или културното наследство на државата.

При давањето на протоколарните подароци, јавните обвинители треба претходно да се информираат и да ги почитуваат процедурите и правилата за прием на подароци и кај примателот.

Член 7

Примениот, односно дадениот подарок се запишува во Регистарот на подароци на Јавното обвинителство. Регистарот на протоколарни подароци го води назначеното лице за интегритет во Јавното обвинителство.

Во Регистарот на подароци се внесува: видот на подарокот, вредноста на подарокот, подарувачот, примачот,времето и местото на примање.

Податоците од Регистарот за протоколарни подароци се доставуваат до Етичкиот совет на јавните обвинители.

Член 8

Непочитувањето на правилата за примање и располагање со подароци се смета за прекршување на принципот на интегритет наведен во Етичкиот кодекс на јавните обвинители и може да биде основ за поведување постапка пред Етичкиот совет на јавните обвинители против јавниот обвинител.

Член 9

Овој Правилник стапува на сила со денот на објава во Службениот весник на РСМ. Со него престанува да важи Правилникот за начинот на располагање со подароците и евиденција за примени подароци на јавните обвинители при протоколарни настани од 07.02.2019 година.

А.бр.03-410/1
Скопје,5.9.2023 година

**ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Љубомир Јовески